# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 145** **2 јуни 2020, вторник** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1889. | **Уредба** со законска сила за примена на Законот за одбрана за време на вонредна состојба.......................... | 2 |
| 1890. | **Уредба** со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за превоз во патниот сообраќај за време на вонредна состојба............................... | 2 |
| 1891. | **Одлука** за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности.................................................... | 2 |
| 1892. | **Одлука** за давање согласност на Програмата за изменување на Инвестициона програма на Железници на Република Северна Македонија транспорт АД – Скопје за 2020 година ...................................................... | 2 |
| 1893. | **Одлука** за давање согласност на Програмата за изменување на Финансиската програма на Железници на Република Северна Македонија транспорт АД – Скопје за 2020 година.................................................. | 3 |
| 1894. | **Одлука** за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината ....................................... | 3 |
| 1895. | **Одлука** за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината ....................................... | 3 |
| 1896. | **Одлука** за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – кварц на локалитетот „Гутин” с. Поменово, Општина Чашка ............... | 4 |
| 1897. | **Одлука** за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – бакар на локалитетот „Кадиица” Општина Пехчево .......................................... | 4 |
| 1898. | **Одлука** за давање на согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на вршење на официјални контроли на салмонела и други одредени алиментарни интоксикации ........................ | 4 |
| | **Огласен дел** ....................................... | 1-12 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1889.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 јуни 2020 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ОДБРАНА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За испраќање на активниот воен и цивилен персонал, припадниците на резервните сили на Армијата на Република Северна Македонија и вработените во Министерството за одбрана, надвор од територијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународни операции, за време на траење на вонредната состојба, се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Одлука за испраќање на активниот воен и цивилен персонал, припадниците на резервните сили на Армијата на Република Северна Македонија и вработените во Министерството за одбрана, надвор од територијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународни операции, за време на траење на вонредната состојба донесува Владата на Република Северна Македонија.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во„Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 44-4926/1 — Претседател на Владата
2 јуни 2020 година — на Република Северна Македонија,
Скопје — **Оливер Спасовски,** с.р.

**1890.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 2 јуни 2020 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за превоз во патниот сообраќај за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 86/20, 103/20, 128/20 и 140/20), во членот 3-а по зборовите „превоз на патници“ се додаваат зборовите „и превоз на патници за сопствени потреби,“.

Член 2

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-4928/1 — Претседател на Владата
2 јуни 2020 година — на Република Северна Македонија,
Скопје — **Оливер Спасовски,** с.р.

**1891.**

Врз основа на член 11, став (1) алинеја 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 2 јуни 2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

1.Со оваа одлука се дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности број 0101-5114/9 од 29.5.2020 година, донесена од Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, на седницата одржана на 27.5.2020 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2936/1 — Претседател на Владата
2 јуни 2020 година — на Република Северна Македонија,
Скопје — **Оливер Спасовски,** с.р.

**1892.**

Врз основа на член 5 став (8) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр.48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14,152/15, 31/16, 178/16 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Друштвото, на седницата, одржана на 2 јуни 2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА НА ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ТРАНСПОРТ АД – СКОПЈЕ ЗА 2020 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Програмата за изменување на Инвестиционата програма на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД –

Скопје содржана во Бизнис планот за работење на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за 2020 година и усвоена од Управниот одбор на Друштвото, со Одлука бр. 945/1-5 од 21.4.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3410/1 Претседател на Владата
2 јуни 2020 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1893.**

Врз основа на член 5 став (8) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр.48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14,152/15, 31/16, 178/16 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Друштвото, на седницата, одржана на 2 јуни 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКАТА ПРОГРАМА НА ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ТРАНСПОРТ АД – СКОПЈЕ ЗА 2020 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Програмата за изменување на Финансиската програма на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје содржана во Бизнис планот за работење на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за 2020 година и усвоена од Управниот одбор на Друштвото, со Одлука бр. 945/1-4 од 21.4.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија “.

Бр. 44-3410/2 Претседател на Владата
2 јуни 2020 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1894.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) и член 8 став (6) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 2 јуни 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПЕРИОДОТ НА ЗАКУП НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ТЕХНОЛОШКО ИНДУСТРИСКАТА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ 2 И ЗА ВИСИНАТА НА ЗАКУПНИНАТА**

Член 1

Во Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината („Службен весник на Република Македонија“ бр. 221/19) во членот 1 зборовите „Друштво за производство, трговија и услуги ПУРПЛАСТ МК ДОО Скопје, со седиште во Скопје“ се заменуваат со зборовите „Друштво за производство, трговија и услуги ПУРПЛАСТ МК ДОО Илинден, со седиште во Илинден“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3687/1 Претседател на Владата
2 јуни 2020 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1895.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) и член 8 став (6) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија” бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 2 јуни 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПЕРИОДОТ НА ЗАКУП НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ТЕХНОЛОШКО ИНДУСТРИСКАТА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ 1 И ЗА ВИСИНАТА НА ЗАКУПНИНАТА**

Член 1

Во Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината („Службен весник на Република Македонија“ бр. 212/15 и 140/16) во членот 1 зборовите „Друштво за производство, трговија, преработка и услуги Јуроп Шок Абсорберс ДООЕЛ Илинден,“ се заменуваат со зборовите „Друштво за производство, трговија, преработка и услуги Ипротекс Технички Текстил ДООЕЛ Илинден“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3688/1 Претседател на Владата
2 јуни 2020 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Оливер Спасовски,** с.р.

**1896.**

Врз основа на член 51 став (2) од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 јуни 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – КВАРЦ НА ЛОКАЛИТЕТОТ "ГУТИН" С. ПОМЕНОВО, ОПШТИНА ЧАШКА**

1. Со оваа одлука Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина–кварц на локалитетот "Гутин" с. Поменово, општина Чашка, број 24-5695/1 од 13.11.2014 година, еднострано се раскинува од страна на концедентот, заради неплаќање на концесискиот надоместок.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44-4147/1
2 јуни 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1897.**

Врз основа на член 52 став (5) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 2 јуни 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – БАКАР НА ЛОКАЛИТЕТОТ „КАДИИЦА" ОПШТИНА ПЕХЧЕВО**

1. Со оваа одлука Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – бакар на локалитетот „Кадиица" Општина Пехчево, бр. 24-4203/1 од 23.6.2015 година, еднострано се раскинува по барање на концесионерот Друштвото за производство, трговија и услуги увоз-извоз КАДИИЦА МЕТАЛ ДООЕЛ Радовиш, заради немање на економски интерес за натамошно извршување на концесијата за експлоатација.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – бакар на Друштвото за производство, трговија и услуги увоз-извоз КАДИИЦА МЕТАЛ ДООЕЛ Пехчево на локалитетот „Кадиица" Општина Пехчево бр.42-4079/1 од 12.5.2015 година („Службен весник на Република Македонија" бр.92/15).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44-3737/1
2 јуни 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1898.**

Врз основа на член 72 став (4) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" бр.157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 2 јуни 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ОФИЦИЈАЛНИ КОНТРОЛИ НА САЛМОНЕЛА И ДРУГИ ОДРЕДЕНИ АЛИМЕНТАРНИ ИНТОКСИКАЦИИ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на вршење на официјални контроли на салмонела и други одредени алиментарни интоксикации (*) бр.02-198/8 од 14.5.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44-4584/1
2 јуни 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**

ISSN 0354-1622
2020145